БИЛТЕН

БРОЈ 20/26



09.10.2026 година

Р Е Ф Е Р А Т

За избор на соработник во соработничко звање Асистент
од област „Ликовна/визуелнауметност'' (6.04.00.01 – Фраскатиева класификација)
на Факултетот за арт и дизајн при
Европски универзитет во Скопје

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет воСкопје, на **281**-та седница одржана на 09.10.2026 година формира Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Благојче Наумоски – претседател; доц.м-р Ана Трајковска– член ипроф. м-р Никола Узуновски – член за избор на соработник во соработничко звање Асистент на Факултетот за арт и дизајн, од областа:

1. **Ликовна/визуелна уметност-** 1 извршител.

На распишаниот Конкурс за избор на соработник во соработничко звање Асистент од област „Ликовна/визуелна уметост“ на Факултетот за арт и дизајн, се пријави еден кандидат: м-р Никола Тремов.

Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ-Скопје, го поднесува следниот:

ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот Конкурс за избор насоработник во соработничко звање Асистентод област „**Ликовна/визуелна уметност**“ на Факултетот за арт и дизајн, кој беше објавен на 25.09.2026 година во весникот Вечер, се пријави еден кандидат: **Никола Тренов**, кој ја поднесе пријава на ден 25.09.2026год.

Кандидатот во прилог достави: пријава по конкурс, професионална биографија, уверение и диплома за завршен прв циклус, уверение/доказ за стекнат степен магистер од соодветната област, потврда за познавање на англиски јазик, уверение за државјанство и портфолио.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ:

Никола Тренов
Датум на раѓање: 10.05.2000.
Место на раѓање: Скопје.

Образование:

Средно образование завршил во ДСУЛУД „Лазар Личеноски'' каде во 2020 година дипломирал со одличен успех.

Во 2024 година, високото образование го завршил на Факултетот за ликовни уметости – Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје, каде се стекнал со назив/диплома **Дипломиран сликар**, со просечна оценка 9,61.

Во 2026 година, вториот циклус на студии - магистерски студии го завршил на Факултетот за ликовни уметности, Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје – Скопје и се стекнал со назив/диплома **Магистер по ликовни уметности од област сликарство**, со просечна оценка 9,00.

2. СТРУЧНО – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Досега има реализирано една самостојна изложба:

2026 – Самостојна изложба „Примитивна хармонија: Есенција на постоењето“ – галерија МКЦ, Скопје

Реализирани групни изложби

2025 - „Несовршен простор“ 8: ЛИЦА, Метаноја Галерија, Скопје, октомври 23

2025 - Групна изложба на младите уметници, Остен Галерија, Скопје, Р. С. Македонија, април

2025 - Стоп на теророт – да не се повтори (Трета меморијална изложба по повод 120 години од трагедијата во село Загоричани), Музеј на Град Скопје, Скопје, Р. С. Македонија,

2024 - Мал Формат и Минијатура (ДЛУМ), КИЦ, Скопје, Р. С. Македонија, декември

2024 - Годишна изложба на ДЛУМ, Мала Станица – НГМ, Скопје, Р. С. Македонија, ноември

2024 - Млада Уметност, МКЦ , Скопје, Р. С. Македонија, октомври

2024- Четирите мајстори на модернизмот, КИЦ (Дипломски дела на студенти од ФЛУ), Скопје, Р. С. Македонија, мај

Има учествувано и на ликовни колонии:

-Меѓународна ликовна колонија „Вевчански видувања“, Вевчани (2019, 2023, 2024, 2025)

3. СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

2025 година, Еден од тројцата организатори на групната изложба за млади автори „Пресек“, заедно во соработка со Остен Галерија

Од 2024 година станува член на ДЛУМ.

4. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА:

2024- Прво место на конкурсот за млади сликари во организација на Шпаркасе Банка и Меѓународна ликовна колонија „Вевчански Видувања“ во конкуренција од 10 финалисти

2024- Награда за најдобро дипломиран студент за учебната 2023/2024 година при УКИМ, ФЛУ – Скопје

2024 КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ:

Adobe **Photoshop (Ps)**

РЕЦЕНЗИЈА

Според приложените податоци, за конкурсот за избор на соработничко звање Асистент на Факултетот за арт и дизајн, од областа „**Ликовна/визуелна уметност**” на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Рецензентската комисија забележува дека кандидатот Никола Тренов има познавање и искуство во областа на ликовната / визуелната уметност и дизајнот, кое се забележува од стручно-уметничката, стручно-апликативната и образовна досегашна практика на кандидатот.

Стручно-уметничката дејност на кандидатот се забележува преку самостојнаите изложби, активните учества на групни изложби и јавни конкурси во областа на ликовната уметност. Од неговото портфолио може да се заклучи дека станува збор за кандидат кој има развиени визуелни вештини и напредно креативно размислување. Тој е усовршена во полето на ликовните техники, но и во мултимедијата. За неговите квалитети потврдуваат и наградите кои ги добила за своите дела.

Стручно – апликативната дејност на Никола Тренов се забележува преку учествата во проекти од областа на визуелната уметност, работата на филмски сет, како и работното искуство. Таа ја владее целосно методологијата на истражување и дизајнирање, и може самостојно да раководи проект од областа на ликовната уметност но и на графичкиот дизајн.

Кандидатот има учествувано на повеќе групни домашни и меѓународни изложби и се има стекнато со награди и признанија од областа на ликовната уметност.

КОНСТАТАЦИЈА

На објавениот конкурс конкурирал Никола Тренов, кандидат со соодветно образование, познавања и вештини:

- **Дипломран сликар**, со просечна оценка **9,61**.
- **Магистер по ликовни уметности од област сликарство**, со просечен успех **9,00** на вториот циклус студии;
- Учествувал на изложби и конкурси за уметност;
- Добитник е на награди за своите уметнички дела;
- Има искуство како уметник, сликар и како едукатор;

- Кандидатот доставил доказ за познавање на англиски јазик;
- Кандидатот поседува познавања и искуство потребни за да одговори на прописите на објавениот конкурс за избор во соработничко звање Асистент од областа „**Ликовна/визуелна уметност**" на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот Конкурс за избор насоработник во соработничко звање Асистентод област "**Ликовна/визуелна уметност" (6.04.00.01 - Фраскатиева класификација)** на Факултетот за арт и дизајн, кој беше објавен на 09.09.2025 година во весникот Вечер, се пријави еден кандидат: **м-р Никола Тренов**.

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот **м-р Никола Тренов**, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот ги исполнува условите за избор според објавениот конкурс, и има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ Скопје да го избере во соработничко звање Асистент од областа „**Ликовна/визуелна уметност**", според Член 170 на Законот за високото образование на Р.С. Македонија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Проф. м-р Благојче Наумоски – претседател

Доц.м-р Ана Трајковска– член

Проф. м-р Никола Узуновски – член